**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-781/9**
**Скопје, 05.12.2005 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА**
**ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „НОВАЦИ„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Новаци за 2004 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Новаци за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Трајан Мицевски, Градоначалник за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.09. до 21.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и одредбите за благајничко работење и ревизијата ги утврди следните наоди:
- Не е донесена Одлука за утврдување на благајнички максимум;
- Благајничките извештаи не се изготвуваат редовно при секоја промена на состојбата во благајната, кое е спротивно на одредбите за благајничко работење;
- Благајникот не е овластено лице за подигање на готовината од сметката, туку подигањето на средствата го врши лице вработено во локалната самоуправа, и
- Касовите извештаи благајникот ги изготвува врз основа на приложени документи за подигнати средства од сметката и приложени сметки за направени расходи.

Предходното доведува до нереално искажување на паричните средства во благајната и можни злоупотреби на истите.

**Препорака:**

Ревизијата цени дека квалитетот на благајничкото работење и неговото евидентирање значително ќе се подобри доколку општина Новаци пропише акт за благајничко работење, и субјектот ги разграничи надлежностите и одговорностите на вработените.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Општината Новаци има и располага со материјални средства како што се улици, водоводи и други капитални објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на објекти од овој вид по разни основи, има направено расходи во вкупен износ од 1.273 илјади денари кои воопшто не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен

капитал. Ваквото постапување, во делот на евидентирањето на локалните патишта и улици, е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02).
И покрај претходно наведеното во Општина Новаци нема воведено евиденција на споменатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства придонесува за нереално прикажување на имотот на општината.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности за евидентирање на локалните улици и патишта кои припаѓаат на општината Новаци и
- Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

10.2.2. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект (пат, улица, водовод и т.н.), соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.

**Препорака:**

Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие конта на контата за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

10.2.3. Со увидот во сметководствената евиденција ревизијата утврди дека набавените материјали и ситниот инвентар не се евидентираат на залиха спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, ниту се евидентираат промените ( прием и издавање) на материјалите и ситниот инвентар. Документацијата за прием и издавање на материјалите не е воопшто оформена ниту има задолжено лице за ракување со материјалите.
Од фактурите и сметкопотврдите за набавени материјали не е можно да се утврди:

- за која цел се набавени материјалите,
- каде на кој објект, за која потреба се потрошени;
- во прилог на сметкопотврдите за набавки на материјални нема фискални сметки.

Со предходното се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар како и се нема политика за евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар.

**Препорака:**

Да се воведе материјална евиденција, а при трошењето на материјалите да се изготвува соодветна документација требовање, работен налог или извештај како би можело точно да се види каде истите биле потрошени.

10.2.4. Обврските спрема добавувачите во книговодството на општината не се евидентираат во моментот кога настанал должничко доверителнот однос и кога е добиена фактура за извршена набавка на добра или за извршена услуга тука се евидентираат во моментот кога се врши плаќање на истите, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Со ваквиот начин на евидентирање се нема увид во состојбата на обврските и задолжувањата на општината и не се создава основа за изготвување на целосни финансиски извештаи.

**Препорака:**
Фактурите по основ на обврски спрема добавувачите да се евидентираат во книговодството кога настанал должничко доверителниот однос и кога истите се добиени, без разлика дали се платени или не. На тој начин, во секој момент општината ја има состојбата на вкупните обврски спрема добавувачите и основ за изготвување реални финансиски извештаи.

10.2.5. Не се применети годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници пропишани согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 28/03), кое придонесува за нереално искажување на вредноста на материјалните средства и државниот јавен капитал. Ова е последица на немањето на сознанија за измените на законската регулатива која го третира ова прашање.
**Препорака:**
Доследна примена на стапките за отпис согласно гореспоменатиот Правилник за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**10.3. Неправилности во искажување на приходите и расходите**

10.3.1. Ставката - Надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е прецената за износ од 52 илјади денари, а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради исплата на дневници на членовите на разни комисии и одбори кои делуваат во општината во висина над износот пропишан со Закон и Колективниот договор за државните органи и едниците на локалната самоуправа.
**Препорака:**
При исплата на дневниците да се почитува законска одредба за висината на пропишаната дневница и одредбите од општиот колективен договор за органите на државната управа и локалната самоуправа.

10.3.2. Исплатен е износ од 310 илјади денари на ФК Новаци од с.Новаци неповратна парична помош за доградба на инфраструктурни објекти на стадионот во с.Новаци, за покривање на дел од трошоците за натпреварувачката 2004/2005 година и ширење на спортот меѓу младите во општина Новаци без да биде изготвена и доставена до Советот на општината на усвојување Програма за активности во 2004 година од ФК Новаци. Средствата се доделени на ФК Новаци од с.Новаци на основа Одлука бр.07-90/4 од 23.07.2004 година од Советот на општина Новаци, во која е наведено дека средствата се обезбедуваат од вишокот на приходи од општините добиени од Владата на РМ по Одлука бр.23-1680/1 од 17.05.2004 година, според која единиците на локална самоуправа се должни средствата да ги користат наменски за остварување на редовните функции на општината. Трансферирани се средства од буџетот без да се знае како се истите потрошени за кои намени, ваквиот начин на трансферирање на средства овозможува ненаменско користење на истите.
**Препорака:**
Трансферирањето на средства од буџетот до други институции да се врши на основа на предходно усвоена Програма од Советот како и согласно законските надлежности на буџетот.

10.3.3. Од фактурите и сметкопотврдите за угостителски услуги не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од домашни институции или од странство);
- кој е корисник на услугата од општината како и кога истата е извршена;
- со сметкопотврдите од угостителските објекти нема прилог фискална сметка и сметка за спецификација на трошоците.

Немањето интерни акти и контролни постапки доведува до зголемени и неконтролирани трошоци по овие основи.

**Препорака:**
Надлежното одделение во Општина Новаци треба да донесе акт со кој што ќе се регулира правото на користење на угостителски услуги – репрезентација.

**10.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.4.1. Позицијата Материјални средства и Извори на капитални средствата е потценета за износ од 1.273 илјади денари за направените капитални расходи во 2004 година кои се искажани во Билансот на приходи и расходи на позицијата Изградба, реновирање и унапредување, а истовремено не се евидентирани и како зголемување на состојбата на материјалните средства и зголемување на вредноста на Државниот – јавен капитал. Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, за истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно разграничување и да спроведе книжење со кое ќе искаже зголемување на вредноста на Материјалните средства и зголемување на Државниот-јавен капитал.
**Препорака:**
Надлежната служба на Општина Новаци согласно документацијата со која располага Општината, да изврши евидентирање на капиталните вложувања и да изврши отпис, односно пресметување на амортизација согласно годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисниици.

**10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства**

10.5.1. Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 215 илјади денари (Прилог бр.1).

- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи и не се води регистар за јавни набавки;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, а субјектот по многу основи набавките ги врши согласно член 72 од Законот;
- За надзор нема постапка за јавна набавка, а за вршење на овие работи ангажирана се лица од редот на советниците на кои се исплатува дневница за извршената работа;

10.5.2. За изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици по програма за 2003 година, спроведена е постапка за јавна набавка и како најповолен е избран изведувачот НИ-ОЛ Трејд од с. Журче, Демир Хисар со кој е склучен договор број 03-44/10 од 03.06.2003 година на износ од 1.400 илјади денари, а испоставена е ситуација на вкупна вредност од 2.111 илјади денари или повеќе за 711 илјади денари. Во врска со пречекорувањето на договорената вредност нема анекс договор, а ниту е спроведена постапка за јавна набавка што е спротивно на член 48 Законот за јавни набавки.
Неспроведување на постапките за јавни соглано Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, грешки, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.
**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- До крајот на јануари од тековната година да се донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и

работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;

- Да се донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

11.Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите за износ од 52 илјади денари и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 52 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 1.273 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.2. до 10.4., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на општина Новаци на 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.3. и 10.5. кај сметката на Органот на општина Новаци е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје 02.12. 2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОПШТИНА НОВАЦИ - ОРГАН**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.3.** | | |
| Трансфери и донации | 3.3.1. | 5,375 | 4,276 |
| **Вкупно приходи** | | **5,375** | **4,276** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.1.** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 1,516 | 1,262 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 2,203 | 1,844 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 294 | 353 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,013** | **3,459** |
| **Капитални расходи** | **3.2.** | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 1,362 | 817 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,362** | **817** |
| **Вкупно расходи** | | **5,375** | **4,276** |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **0** | **0** |
| **Непокриени расходи** | | **0** | **0** |

**ОПШТИНА НОВАЦИ - ОРГАН**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 0 | 3 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **3** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.2. | 2,040 | 2,277 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,040** | **2,277** |
| **Вкупна актива** | | **2,040** | **2,280** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 3 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **0** | **3** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.1. | 2,040 | 2,277 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,040** | **2,277** |
| **Вкупна пасива** | | **2,040** | **2,280** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | 2,277 | | **2,277** |
| **Зголемување по основ на:** | **29** | **-** | **29** |
| Набавки | 29 | | **29** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **266** | - | **266** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 266 | | **266** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **2,040** | **-** | **2,040** |

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

Преглед на извршени набавки за кои не постои комплетна документација спротивно на член 48 и 72 од Законот за јавни набавки Сл.в.на Рм бр.19/04
(набавки од мала вредност за стоки и услуги)

| Опис на набавка | Добавувач | Износ (000) | Вид на неправилност |
|---|---|---|---|
| Пијалоци и други прехрамбени производи | „Ламбадамен„ дооел Битола | 38 | Не е спрведена постапка за јавна набавка (од мала вредност) |
| Црево, кабел, утикачи и др. | „Елме„ Битола | 12 | Не е спрведена постапка за јавна набавка (од мала вредност) |
| Шофершајбна | „Примо ауто„ Битола | 11 | Не е спрведена постапка за јавна набавка (од мала вредност) |
| Новогодишен рекламен материјал | „Диво дизајн„ Битола | 38 | Не е спрведена постапка за јавна набавка (од мала вредност) |
| Електро материјали | Црна река доо Битола | 33 | Не е спрведена постапка за јавна набавка (од мала вредност) |
| Градежни и водоводни материјали | Марина - М с.Добромири | 22 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Рекламен материјал | Делта принт дооел Битола | 33 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Канцелариски материјали | Диво дизајн Битола | 28 | Не е спрведена постапка за јавна набавка (од мала вредност) |
| ***ВКУПНО:*** | | **215** | |